Stojmenska-Elzeser, Sonja

**Бохумил Храбал во Македонија**

In: *Studia macedonica II.* Dorovský, Ivan (editor). Vydání první Brno: Masarykova univerzita, 2015, pp. 120-126

ISBN 978-80-210-7959-5

Stable URL (handle): https://hdl.handle.net/11222.digilib/134299
Access Date: 03. 12. 2024
Version: 20220831

Terms of use: Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University provides access to digitized documents strictly for personal use, unless otherwise specified.

MUNI ARTS Masarykova univerzita Filozofická fakulta

Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University
digilib.phil.muni.cz

# Бохумил Храбал во Македонија

Соња Стојменска-Елзесер

Оваа, 2014 година, се навршија 100 години од раѓањето на еден од највпечатливите и најинтересни чешки писатели Бохумил Храбал. Во пресрет на овој јубилеј, (осмислено или не, веќе не е ни важно) и македонската културна средина на голема врата го приопшти на својот хоризонт книжевното дело на Храбал. Имено, во 2013 се појавија од печат две значајни изданија: во рамките на проектот „Ѕвезди на светската книжевност", во издавачката куќа Три, беше објавена книгата *Строго контролирани возови и други новели* во превод и со предговор на истакнатата македонска бохемистка Донка Роус, а во книгоиздателството Антолог во превод на младиот бохемист Диме Митрески се појави романот *Го имам служено англискиот крал.* Истиот превод на легендарната и славна новела – оскаровско сценарио *Строго контролирани возови* од Донка Роус како самостојно издание беше објавено и во 2012 во издавачката куќа Македонска реч. На самиот ден на јубилејот, 28 март, во *Утрински весник* македонските читатели можеа да прочитаат една пригодна, но инспиративна статија за Храбал од Климе Поповски под наслов „Генијалниот запишувач, кој не се сметаше за писател". На поширокатa македонска јавност Храбал и е познат најмногу преку емитувањето на филмуваните верзии на неговите дела од опусот на легендарниот режисер Јиржи Менцел, кој двапати ја посети Македонија (во 2001 и 2009 година) за да прими високи почести и награди од македонската филмска фела.

Присуството на Храбал во македонската преводна книжевност првенствено е резултат на сериозниот потфат и труд на Донка Роус, која својот интерес за делото на овој чешки писател го негува во целата своја научна и преведувачка кариера. Нејзината докторска дисертација се однесува токму на *Јазикот во прозата на Бохумил Храбал,* (Универзитет Св. Кирил и Методија, архива, 1992 година), а изданието за кое говориме е досега најрелевантното и најобемно претставување на Храбал кај нас. Покрај веќе прославената новела која го дава и насловот на целата збирка, таа ги содржи и следниве новели: Часови по танц за постари и понапреднати, Bambini di Praga 1947, Јармилка, Господинот нотар, Лакрдации и Барон Прашил. Во поговорот кон ова издание Роус напомнува дека: *„Иако кај нас, во Македонија, се преведени малку негови творби, кај европската публика е еден од најпопуларните светски писатели."*[1] *Ма-*

1 Роус, Донка: Бохумил Храбал – мајстор на гротескното раскажување. Во: Храбал, Бохумил: *Строго контролирани возови и други новели*. Скопје 2013, с. 283.

*лиот обем на преводи кој еве дури во стотата годишнина од раѓањето на писателот создаваат една посолидна база за толкување и проучување на Храбаловото дело се должи на фактот дека Храбал е специфичен поетички и стилско-јазичен феномен кој и во својата чешка средина е тешко разбирлив и прифатлив, а за преведувачите на странски јазици е особено провокативен и едноставно речено – тежок. Како што укажува и Роус во поговорот на нашето издание: „Храбаловиот јазик е разговорен јазик, кого го сочинуваат сленгот и жаргонот, неконтинуираното раскажување; понекогаш и морбидните сцени во тоа раскажување се дел од пречката за неприфатливоста на неговто творештво. (...) Колку би било неприродно ако неговите јунаци, љубители на кригла добро пиво, постојани гости на зачадените кафеани и крчми, фантастични лакрдаџии, сето тоа го раскажуваат на литературен јазик?*“ Теоретски, значи, Донка Роус прецизно и јасно ја изградува свеста дека јазикот и стилот на Храбал мора да бидат далеку од секаков академски, чисто книжевен, коректно прецизен израз, туку напротив, да провоцираат со доминантна оралност и онеобичнетост, да не речам сировост и суровост, кои пак се значаен сегмент од целиот негов поетички и животен профил. Но, прашањето кое ми се наметнува е колку во практиката, при самиот превод таа успева да го резлизира ова теоретско сознание. Имам впечаток дека академската провиниенција и коректноста на Донка Роус на моменти го попречуваат соодветниот размав на стилизација, жаргонизација, па и вулгаризација и брутализација на изразот, кои е неопходно да ги развие секој преведувач на Храбал во согласност со својата храброст за експериментирање.

Несомнено, голема придобивка за македонските читатели е што се појавуваат и други преведувачи на Храбал, како што е младиот Диме Митревски, така што во случајов имаме можност да читаме барем два Храбала, иако не на исти наслови, но барем стилско-изразно различни меѓусебе. Се чини дека тој е малку похрабар во употребата на жаргонизми, па не се воздржува да употреби изрази како „*Доста ви е за денес? Ај, бришка.*“ или „*... ме зеде шефот за левото уво, ми го истегна и ми вели: Копиљ си, бери ум!*“ или „*Ќе порачаше чај и двопек и уште не бев вратен во нишата, а шефот веќе ги инкасирал дваесетките и ми вели, има проблеми со жолчката, оддалеку се гледа, може и џигерите му се заебани...*“ Со апсолутен респект кон заслугите на Донка Роус за приопштувањето на Храбал во македонската култура и со радост од појавата на преводи од помлади преведувачи, би сакала да искажам став дека потрагата по автентичното помакедончување на Храбал мора да биде подолгорочен процес на зреење кој би вградил повеќе искуства на различни видувања и доживувања на поетиката на Храбал и кон чие конструктивно квалитетно поместување се приклучува и оваа моја дискусија.

Заради прегледност и конструктивност ќе ја фокусирам мојата дискусија за Храбал на македонски јазик на само еден израз од неговото творештво, за

да покажам дека трансферот на еден збор од една во друга култура е трнлив пат, херојски подвиг, напор кој трае, кој се модифицира и можеби надоградува низ сериозни дебати. Станува збор за изразот „pábitel“ кој Донка Роус го преведува како „лакрдаџија“. Во едно интервју по повод доделувањето на признанието за промовирање на чешката култура во странство на нашата професорка Донка Роус во 2010 година се вели:

„Vy jste vedle výuky ovšem přeložila i celou řadu českých autorů. Už jste se zmínila o Hrabalovi. Kdo z nich je vaším favoritem?“

*„Ze začátku jsem překládala povídky. Přeložila jsem Pábitele a to bylo těžké. U samotného slova najít adekvátní význam…“*

„Jak se mimochodem v makedonštině řekne pábitel?“

*„Pábitel je lakrdadžija, prostě ten, co povídá, mluví a mluví a mluví. A Hrabalovo pábení bylo povídání bez konce. Pak jsem přeložila Taneční hodiny. To je ve skutečnosti novela, která nemá ani čárku, jen tečku na konci. A je to devadesát devět stránek nebo kolik. A teď jsem přeložila Ostře sledované vlaky, nevím ale, kdy to vyjde. To je taky novela nebo malý román a je výborný.“*

„Jak vůbec přijímají Makedonci Hrabala? Rozumějí mu?“

*„Rozumějí, právě český humor je zvláštní. Byl i film Ostře sledované vlaky, i dnes se dává dost často, a všichni jsou z něj nadšení. Podle toho poznám, že lidi mají Hrabala rádi. Pak jsem překládala i Viewegha. Můj sen je přeložit celého Čapka, zatím jsem přeložila jenom jeden román, Obyčejný život.“*[2]

Pábitel е збор кој во опусот на Храбал има неколку функции: тоа е наслов на една новела, но и наслов на цела една збирка новели од шеесеттите години во која се вклучени и новелите што му се претставуваат на македонскиот читател во најновото издание за кое говориме, но, исто така Pábitel е клучен збор за разбирањето на поетиката на Храбал, поради што во многу текстови, студии и критики тој самиот се означува како Pábitel (Mistr „pábení“ a „pohledu na člověka zdola“ или Pábitel číslo jedna или Výtečný vypravěč a pábitel, spisovatel Bohumil Hrabal) (покрај оние нашироко познати одредници: „тажниот крал на чешката литература“, „нежниот варварин“ и сл.). Самиот Храбал многупати ја објаснувал суштината на овој свој неологизам, меѓу другото велејќи: „*Jsou lidé, kteří chodí v příkopech zlatých středních cest. Jsou lidé, kteří si pořád osvěžují své rozpálené hlavy v tříšti vln, jež stále přešplíchávají. Jsou lidé, jejichž kadeř je sežehnutá jiskrou předstihu zapalování. Jsou lidé, kteří pořád spěchají za velkou šancí uloženou na obzoru. Jsou to pábitelé. A pábitelé jsou lidé pábící, a kdo pábí je pábitel, a jeho způsob je pábení.Tak pábitel je člověk, proti kterému se pořád vzdouvá oceán dotěrných myšlenek. Jeho monolog teče pořád. Tu jako ponorná říčka v dutině mysli, tu zase se říne ústy ven. (…) Pábitel zpravidla nic*

2 Štráfeldová, Milena: *Jak se řekne makedonsky pábitel? – Lakrdadžia*. http://www.radio.cz/cz/rubrika/kultura/jak-se-rekne-makedonsky-pabitel-lakrdadzia [цит. 26. 06. 2014)

*nečetl, zato se hodně díval a hodně slyšel a skoro na nic nezapomněl. Je zaujat svým vnitřním monologem, se kterým chodí po světě jako páv se svým krásným peřím. Je tak posedlý vyprávěním, že to vypadá, jako by jazyk si vybral pábitele, aby jeho ústy spatřil sebe sama a dokázal si, co dovede. (…) Tak zatímco moudří a opatrní se pečlivě dezinfikují, pábitelé voní člověčinou. (…)*“[3]

Од овие зборови на самиот Храбал јасно е дека во овој израз се кријат спецификите на целата негова поетика, неговата посебна храбаловска и чешка траги-комичност, неговата чешка варијанта на тек на свест, односно внатрешен монолог, неговиот чешки иронизаторски став кој во себе крие длабока љубов кон сé што е човечко, надреалистичкиот сенс за автоматско пишување и фројдистичкото метафизичко прочистување и смирување низ раскажувањето, чешко-поетистичкиот фантазмагоричен спој на неспоиви нешта кој низ смеа и оптимизам го гледа светот, но и длабокиот зачуден натурализам кој помалку напомнува на италијанскиот нео-реализам, но додека овој беше насочен кон масовки, храбаловиот реализам е насочен кон индивидуите кои се ликови – пабители. Целото дело и целиот живот на Храбал е длабоко чешки и пабителски, сите симболи на чешкоста ги препознаваме кај него: роден во брак растурен пред да биде создаден, израснат во круг на пивовар, натопен во пиво и пивница до гуша, урбан до бесвест во прашкиот амбиент, а вљубен во мирот на хатата во Керско, мачкољубец кого дваесетина мачки го пречекуват пред автобусот со кој тој оди да ги храни, избувлив, спој на контрасти и екстреми, приказна за себе, смешна и тажна, како и приказната за неговата енигматична смрт – хранел ли гулаби или си скокнал од легендарниот петти кат на болницата кој се спомнува како пророштво во неговите книги. Сите овие начнати елементи од богатата биографија како да се рефлектираат врз зборот „пабители“, како впрочем и темите кои ги разработува во своите книги: амбициите и малите луѓе (што има извесен чеховски призвук), бисерчињата на дно, проблемот на колаборационизмот, но и храброста да се застане пред тенк кој гмечи, карактеристични за чешката историја (што впрочем е и блискоста на Швејк и, на пример, на Милош Хрма), неборбеноста, избирањето на средниот пат, а сепак врутокот на храброст за да се стори во еден миг подвиг, кои се толку чешки и толку светски во исто време… И во сето тоа има нишка на меланхолија, на сплин, самоиронија, радост и тага на живеењето кои напомнуваат, на пример, на пеењето на стихот „Животот е убав“ на еден кловн со солзи…

Прашањето што си го поставувам во овој миг е дали поимот лакрдации ги доловува сите овие наведени нијанси? Тоа е кованица од лакрдија која повеќе асоцира на фарса, на театарски жанр, на сплетка… а мислам дека не би можело да стане збор за сплеткарење во „пабителството“ на Храбал. Дон-

3 http://www.audiostory.cz/www/ index.php?page=interpreti&id=15 [цит. 26. 06. 2014].

ка Роус ја аргументира својата преведувачка иновација на следниот начин: *„Храбаловите јунаци, како и кај Хашек, крчмата им е мегдан каде што ги одмеруваат своите раскажувачки способности. Токму тоа се тие лакрдации – pábitelé. Тоа е навистина збор што им прилега, како да е скроен по нивна мера. Нивните раскажувања, претерување во раскажувањата се навистина само лакрдии со кои се забавуваат самите, но ги забавуваат и другите наоколу. Опседнати се со животот, со волјата за живот, честопати извикувајќи дека (...) животот е до споулавување убав.*“[4] Самата Роус речиси секогаш во својот текст, кога го употребува зборот лакрдации, до него го реместува и оригиналниот израз. Сепак, во преводот на истоимениот расказ насловот е само „Лакрдации“. Но, да фрлиме бегол поглед врз овој расказ – се работи за краток расказ кој пак токму поради насловот и темата има значајно место во „вселената храбалиана“. Станува збор за посета на нараторот на едно селце во кое има цементарница и додека целата природа е покриена со цементна прашина, во една куќа си живее едно трочлено семејство, Бурганови, во кое најмладиот член, синот, си слика од хоби, а се открива дека има неочекувано силен талент. Таткото вели: *„Момчево наше се си замислува. Нашево момче, кога слуша да капе вода веќе го зема моливот и го црта водопадот на Нијагара, момчево наше, кога ќе се боцне во прстот веќе оди да прашува колку чини погребот од трета категорија. Минимални поттици, максимални последици.*“[5] Тоа како да претставува сублимат на целиот творечки интерес на Храбал – од поттиците на слушнатите усни прикажувања (од стрикото Пепин или од посетителите на пивниците) да создаде уметнички трансформации кои на читателот ќе му пренесат максимален трепет кој рационално не може да се објасни целосно, но во секој случај ќе го протресат за да се замисли за многу прашања, во случајов со овој расказ на приимер, за тоа каде и како се раѓа уметничкото, има ли тишина и мир во овој свет кој е прекриен со цементен прав, каква е таа смеа при погледот на главата на таткото од која штрчи забодениот срп, каков е тој восхит од пејсажот кој е прекриен со цемент, каква е таа помиреност со животот во провинцијата а со поривот за уметничко во себе итн, итн. Дали насловот на овој расказ асоцира единствено на некој условно речено лакрдација што во пивница го раскажал овој случај, или повеќе се однесува на сите овие ликови, повторно условно речено „мали луѓе“, провинцијалци, маргиналци, во кои сепак тлее поривот кон убавото, кон радоста, кон среќата? Не е ли ова пабителство во овој расказ приказ на основното начело на поетиката на Храбал, тажната и меланхолична трагика на животот да се претвори во естетизиран израз на радоста на животот? Оти, животот е во крајната смисла, трагичен и бесмис-

4 Роус, Д.: Бохумил Храбал – мајстор на гротескното раскажување, с. 290.

5 Храбал, Бохумил: *Строго контролирани возови и други новели*. Скопје 2013, с. 246.

лен, но естетизирајќи го, сумејуваме да му се радуваме и да ја ставиме во уметнички форми таа среќа на постоењето, во било какви услови, во било какви констелации… Трагичното дури патетично станува убаво кога ќе се раскаже. Josef Zumr во *Hrabaliana* во врска со тоа забележува: *„Hrabalův člověk je v podstatě nešťastný, ať už se navenek tváří fanfarónsky, pábitelsky, dělá ze sebe haura nebo horuje pro optimistické perspektivy; štěstí, kterého dosahuje, je vždycky „hořké štěstí" – jiné neexistuje a jiné si také v rozporném světě našeho století, ohrožovaném globálními katastrofami, těžko můžeme představit."*[6]

Поимот Pábitel дефинитивно е едно од најголемите искушенија за преведувачите на неговото дело на други јазици. На англиски јазик тој (кога се преведува) се преведува со зборот „palaverer", што првенствено асоцира на долгото раскажување, раприкажаност, брборење, дрдорење… што сепак е само една страна од комплексноста на Pábitel. Мошне блиску до овој превод стои преводот на српски јазик кој за pábitelé употребува поим „наклапала", кој повторно ја апострофира првенствено специфичната техника на тек на свест, на солилоквиј, но ги занемарува останатите поетички аспекти кои ги препознавме во Храбаловиот pábitel. Интересен е преводот на руски јазик, во кој се среќаваат неколку варијанти: или воопшто не се преведува, или се преведува со еден условно речено повоздржан израз, кој пак осветлува еден друг агол. Тоа е изразот „Выдумщик (pábitel)", кој може да се преведе како замислувач, измислувач, фантазер, занесеник, сонувач. Најнеобичен и најкреативен е изразот *Чудилы (жизнелюбы)*, кој е употребен како наслов за целата збирка *Pábitelé*, израз кој прави обид подлабински и креативно да ја пренесе содржината на храбаловиот поим.

Очигледно, во секој јазик се прават напори да се стигне до колку што е можно поадекватен еквивалент на Храбаловиот pábitel. Лакрдаџијата на Донка Роус е еден сериозен обид и зачекор во помакедончувањето на овој израз, но сепак, сметам дека тој треба уште да се преиспитува и евентуално да се моделира или да се замени со некој друг израз кој би имал поголем опсег на значења карактеристични за поетиката на Храбал, или, можеби, да се остави во оригинал, како најпровокативна „храбаловштина" достапна во своето значење само за верните и ентузијастични читатели. Впрочем, и овој, како и многу други неологизми на Храбал е веќе дел од специјален речник на храбаловски изрази, Храбалски речник, кој за сите преведувачи, но и за самите Чеси останува голем камен на сопнување и предизвик во автентичното толкување на неговото творештво. Можеби најдобра илустрација за тоа се зборовите на една воодушевена чешка читателка на Храбал, која пишува: *„Pábitel. Pábení. Z jakéhosi důvodu mě to fascinovalo – i když mi to nedávalo smysl. Teď po čase, kdy jsem dospěla, možná trochu zmoudřela a taky kapku poznala život,*

6 Zumr, Josef: *Hrabaliana*. Praha 1989, с. 123.

*už se neptám, co to ten Pábitel je. Stačí mi, že vím, že pábitelem, se člověk nestává, ale rodí. A Hrabal, tvůrce toho slova, je jeho nejčistším exemplářem. Za každou cenu svůj, nepřizpůsobivý, hrubý, samotář, tak nějak nerudný, přesto umělec s jemnou duší a zranitelným srdcem. S postupem času, jak jsem dospívala, jsem přicházela Hrabalově tvorbě víc a víc na chuť. V každém jeho díle, a v každém filmu podle jeho díla, jsem nacházela kousek toho něčeho. Toho něčeho, čeho se chytí vaše srdce a vy si řeknete, ‚jo, to je přesně ono, tak to je'. To něco vám mluví z duše a vy si to skoro ani neuvědomujete".*[7]

## Bohumil Hrabal v Makedonii

Příspěvek se zabývá recepcí románů a povídek velkého českého spisovatele Bohumila Hrabala v makedonské kultuře. Jeho poetika a styl jsou velmi specifické, takže překlad jeho díla je velmi vážná a komplikovaná otázka. Jeden z nejlepších překladatelů jeho prózy do makedonštiny je Donka Rousová. Přesto je zde možnost pro další diskusi o některých konkrétních translačních řešení. V tomto přispěvku se klade důraz na překlad výrazu „pábitel", který je jedním z konkrétních Hrabalovských výrazů.

## Bohumil Hrabal in Macedonia

This paper deals with the reception of the novels and short stories by the great Check writer Bohumil Hrabal in Macedonian culture. His poetic and style are very specific, so that the translation of his works is very serious and complicated issue. One of the best translators of his prose in Macedonian is Donka Rous. Still, there is a possibility for further discussion on some particular translational solutions. In this paper the focus is put on the translation of the term "pabitel" which is one of specific Hrabalian expressions.

7 Мирка Караскова (блогерка): Mirka Karásková|sobota 22. březen 2014 12:55 http://mirkakaraskova.blog.idnes.cz/c/402209/Pabitel-cislo-jedna.html [цит. 26. 06. 2014].